

Димо Тодоровски (11. XII 1910 - 27. IV 1983) е македонски скулптор, ликовен педагог, член на МАНУ, основоположник на современата македонска скулптура. Бил учесник во НОБ. На почетокот на 50-тите години инцидентно користел етнолошки мотиви, но постојано бил окупиран со теми од НОБ. Негово дело е споменикот на Мечкин камен подигнат во 1983 година. Тој е едеп од основачите и на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Димо Тодоровски е роден на  11 декември 1910 година во Солун, од татко Ристо (кондураџија) и мајка Ленка. Две години потоа, пред Балканските војни, поради несигурна егзистенција неговото семејство се вратило во Прилеп. Во 1917 година неговиот татко починал, а тој од 1920 до 1929 година бил во Домот за воени сирачиња во Битола.

Во 1929 година, Тодоровски ги напуштил VI клас гимназија и Домот за воени сирачиња во Битола и се запишал на Средното уметничко училиште во Белград — сликарски отсек. По првичниот стремеж и по сугестија наредната година почнал да ја изучува скулптурата. Уметничката школа со академски курс на вајарскиот отсек во класата на Петар Палавичини ја завршил во 1936 година. На студиски престој бил во Франција и Италија.

Во текот на студирањето и потоа, Тодоровски се соочувал со недостаток на средства поради што работел како фирмописец во Битола, како сценограф во Нишкиот театар. Неговиот брат Панче Тодоровски го потпомагал.

Уште како студент Тодоровски учествувал на конкурси и добивал откупни награди. Но тој незнаел да ги вреднува своите дела, за кои му било важно да ги исполнуваат

критериумите и да се убави. Голем дел од скулптурите од пред Втората светска војна му биле уништени.

Тодоровски се вратил во Македонија на почетокот на Втората светска војна. Прво бил во Прилеп, а потоа во Скопје, од каде заминал во партизани. Имено, група уметници, собрани во Народниот театар, решиле да се приклучат на движењето на отпорот. Во Горно Врановци, на слободната територија, Тодоровски, Никола Мартиноски, Василије Поповиќ — Цицо, Томо Владимирски, Здравко Блажиќ и други, дошле на идеја по војната да отворат уметничко училиште во Скопје. Идејата ја оствариле во 1945 година, а први наставници биле: Н.Мартиноски (директор), В. Поповиќ-Цицо, Т. Владимирски, 3. Блажиќ, Б. Лазески и Д. Тодоровски.

Д. Тодоровски учествувал и во формирањето на Уметничката галерија Тој е еден од основачите и на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Воспитал повеќе генерации скулптори, меѓу кои неколкумина спаѓаат во редот на врвните скулптори на тогашна Југославија. За Дописен член на Македонската академија на науките и уметностите е избран на 25 декември 1969 година, а за редовен член — па 26 декемврн 1974 година.

Почнувајќи од 1937 година, кога првпат излага на Есенската изложба на сликарски и скулпторски дела на белградските уметници, Д. Тодоровски во текот на својот живот учествувал на голем број групни изложби во земјата и во странство. Нсговите дела се наоѓаат во повеќе музеи, галерии или како споменици пред јавни згради во земјата. Голема ретроспектива имал во Скопје (МСУ, 1980).

Темите за скулптурите Д. Тодоровски ги земал од животот. Обработувал социјалната тематика со реалистички пристап. Во 1942 г. извајал серија фигурини инспирирани од обичниот човек во неговото опкружување: Кеманеџија, Гатачка, Тутуноберачка. Потоа работел  и на историски композиции: Браќа Миладиновци (1945); Бегалци (1951); Св. Климент Охридски (1967). Сепак, негова окупација биле теми од македонската револуционерна борба. Негово дело е споменикот на Мечкин Камен изработен во 1983 година, Исто така, негови позначајни дела се: скулптурата „Јама“ (1956), спомениците на НОВ посветени на масакрите во Трница и Дабница (1972).

Добитник е на Наградата на град Скопје ,,13 Ноември“ за 1961 година, на Наградата ,,11 Октомври“ за 1962 година, а во 1967 година е добитник на Наградата за животно дело.

Носител е на Орден на ‘грудот со сребрен венец.

Димо Тодоровски починал на 27 април 1983 година во Скопје.

(извор: Димо Тодоровски, Скопје, 1980 г; МЕ, Скопје, 2009 г.; веб страна на МАНУ)



Подготвил: Т.К.